1. Го објавувам Решението за давање согласност на Завршната сметка на ОУ „Св. Климент Охридски“ Битола за 2015 год., донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.06.2016 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-793/19 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.06.2016 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 126 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ бр. 103/08, 33/2010, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15 и 30/16), а во врска со член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.06.2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Завршната сметка на ОУ „Св. Климент Охридски“ Битола за 2015 год.**

1. Се дава согласност на Завршната сметка на ОУ „Св. Климент Охридски“ Битола за 2015 год. предложена од Училишниот одбор на ОУ „Св. Климент Охридски“ Битола.
2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-64/21 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.06.2016 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член

54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Битола од 01.06.2015 г. до 01.06.2016 г.

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Битола од 01.06.2015 г. до 01.06.2016 г., донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.06.2016 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-793/20 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.06.2016 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 07.06.2016 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Битола од 01.06.2015 г. до 01.06.2016 г.

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Битола од 01.06.2015 г. до 01.06.2016 г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-64/22 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.06.2016 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Битола за 2016 година

1. Ја објавувам Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Битола за 2016 г., донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.06.2016 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-793/21 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.06.2016 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 89 од Законот за градежно земјиште („Сл. весник на РМ бр.17/11, 53/11, 144/12, 25/13, 137/13 и 163/13) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 07.06.2016 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2016 г.

## ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на оваа Програма е располагањето и управувањето со градежното земјиште сопственост на Република Македонија на територијата на Општина Битола што од своја страна вклучува отуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање и непосредна спогодба, давање на земјиштето на долготраен и краткотраерн закуп и размена на земјиштето.

Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Битола ги третира териториите односно опфатите на урбанистичките планови каде што земјиштето е во сопственост на Република Македонија и каде што согласно Законот за Градежно земјиште може да се оствари промет на градежното земјише во рамки и на начин определен со Законот за градежно земјиште.

Согласно Одлука за вршење на работите за располагање со градежното земјиште сопственост на Република Македонија за општина Битола на Владата на Република Македонија бр.51-5137/1 од 28.09.2011г Општина Битола од 2011 ги врши работите на располагањето со градежното земјиште остварува промет со градежното земјиште и приходи по тој основ.

### Просторен опфат

Со ова Програма се дефинира менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Битола дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на календарска 2016 година.

Во текот на годишната Програмата се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на

- **ДУП за АРМ Четврт1, АРМ Четврт2 и АРМ Четврт3 Битола** донесен со Одлука на Советот на општина Битола бр 07-1791/3 од 06.09.2011 г.
- **Урбанистички План вон Населено место „Јужна Индустриска Зона Жабени“ општина Битола-измени и дополнувања** донесен со Одлука на Советот на општина Битола бр.07-831/23 од 28.04.2011 г.
- **ДУП за Станбена населба „Ушици 1 дел“ измени и дополнувања Битола** донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-238/7 од 29.03.2000г.
- **ДУП за Урбана Четврт за локалитет „Француски Гробишта Блок 1 Битола** донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-06/12 од 15.03.2012г.
- **ДУП за дел од Градска Работна зона северно од патот Битола-с.Новаци Блок 1 Битола** донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-15/21 од 04.07.2012г.
- **ДУП за локалитет „ТУМБЕ –КАФЕ“ Битола** донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-3289/3 од 16 11.2009г
- **ДУП за „Стамбена Заедница бр. 4 и 2 Реонски Центар Запад“ Блок 1 Битола** донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-299/21 од 16. 02.2012г
- **Урбанистички План Вон Населено Место за Туристичка населба Ниже-поле м.в. Чакал општина Битола** донесен со Одлука на Совет на општина Битола
- **Урбанистички План Вон Населено Место за изградба на Винарии на дел од КП.бр.558/1 КО Лисолај општина Битола** донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-2699/14 од 23.12.2010г.
- **Урбанистички План Вон Населено Место за комерцијални и деловни намени „Граничен премин Меџитлија“ КО Породин Битола** донесен со Одлука на Совет на општина Битола бр.07-1221/14 од 30.06.2010г.

- **ДУП за Буковски ливади II дел измени и дополнувања** донесен со Одлука на Совет на општина Битола од 30.09.1988 год.
- **Поединечни нереализирани градежни парцели сопствеост на Република Македонија што се во опфат на детални урбанистички планови на територија на општина Битола**

**Законски основ за изработка на Програмата**

Законски основ на програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ 5/2002), Закон за градежно земјиште (Сл. весник на РМ бр.17/11, 53/11, 144/12, 153/12, 25/13, 137/13, 163/13, 44/15, 193/15, 226/15 и 30/16) и чл.70 од Статутот на Општина Битола (Сл. Гласник бр.10/2005) и Уредба за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп.

- ДУП за АРМ Четврт 1, АРМ Четврт 2 и АРМ Четврт 3 Битола
- Урбанистички План вон населено место Јужна Индустриска Зона ЖАБЕНИ измени и дополнувања општина Битола
- ДУП за Станбена населба „Ушици 1 дел" измени и дополнувања Битола
- ДУП за Урбан Четврт за локалитет „Француски Гробишта Блок 1" Битола
- ДУП за дел од Градска Работна зона северно од патот Битола-с.Новаци Блок 1 Битола
- ДУП за локалитет „ТУМБЕ–КАФЕ" Битола
- ДУП за „Станбена Заедница бр. 4 и 2 Реонски Центар Запад" Блок 1 Битола
- „Урбанистички План Вон Населено Место за Туристичка населба Нижеполе" м.в. Чакал општина Битола
- Урбанистички План Вон Населено Место за изградба на Винарии на дел од КП.бр.558/1 КО Лисолај општина Битола
- Урбанистички План Вон Населено Место за комерцијални и деловни намени „Граничен премин Меџитлија" КО Породин Битола

Земјиштето во сопственост на Општина Битола ќе се продава по цени утврдени во Уредба за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп што важат на денот на продажбата.

**Цели на Програмата**

Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината преку обезбедување просторни услови за развој што ќе им овозможат на заинтересираните правни и физички лица изградба на сопствени простории за обавување на одредена дејност а со тоа и да придонесат за развојот на општина Битола на начин што ќе обезбедат вработување на невработени лица и обезбедување на подобри услови за живеење од една страна, а од друга страна и давање на можност за користење на расположивите ресурсии.

**Динамика на реализацијата на Програмата**

Програмата за 2016 год. се планира да се реализира во два турнуси

Прволт турнус би го опфатил првото шестомесечије на 2016 год. и би ги опфатил парцелите за отуѓување по пат на јавно надавање од оваа Програма.

Вториот турнус би го опфатил периодот до донесувањето на Програмата за 2017 год. и би ги опфатил парцелите кои што останале слободни после јавното наддавање во првиот турнус и парцелите од оваа Програма.

**Лица надлежни за реализацијата на Програмата**

За реализација на оваа Програма надлежна е Комисијата за спроведување на постапките за јавно наддавање на градежно земјиште сопственост на Република Македонија составена од седум лица од кои пет се со овластување за располагање со градежното земјиште.

**Проценка на финансискиот прилив по основ на реализација на Програмата**

Се очекува прилив на средства по Оваа Програма

- од продажба на парцели за домување во станбени згради **А2** **3.655.311,00 ден**

- од продажба на парцели за производство, дистрибуција и сервиси **7.618.868,00 ден**

или **Вкупно** **11.274.179,00 ден**

**Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата**

Потребни средства за реализација на програмата односно само за огласување на парцелите во јавните гласила без нивно рекламирање изнесува: **1.000.000,00 ден.**

**Преодни и завршни одредби**

- Програмата ја усвојува Советот на општината.

- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.

- За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општината.

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот гласник на Општината Битола“.

Бр.09-64/23 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.06.2016 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Измените и дополнувањата на Програмата за локален економски развој во Општина Битола за 2016 година

1. Ги објавувам Измените и дополнувањата на програмата за локален економски развој во Општина Битола за 2016 г., донесени на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.06.2016 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-793/22 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.06.2016 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.06.2016 година, донесе

## ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА

## П Р О Г Р А М А Т А
## за економски развој во Општина Битола за 2016 год.

Со Програмата се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

Програмата претставува континуитет на работите од претходните програми и обврски што треба да бидат завршени во 2016 година.

Сите проекти кои биле во приоритетната листа во Програмата за 2015 година, а не се завршени во тековната година се составен дел на оваа програма.

## ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
**на Програмата за економски развој во Општина Битола**
**за 2016 година**

## ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
**на Програмата за економски развој во Општина Битола**
**за 2016 година**

| Ред. Бр. | шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 722315 | Планирани средства од Буџетот на општината (административни такси) | **6.000.000,00** |
| 2 | 725939 | Останати неданочни приходи | **33.800.000,00** |
| | **ВКУПНО:** | | **39.800.000,00** |

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
**на Програмата за економски развој во Општина Битола**
**за 2016 година**

| Ред. Бр. | шифра | Расходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 46 | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСВЕРИ** | **3.000.000,00** |
| 1.1 | 464 990 | Други трансфери | 3.000.000,00 |
| 2 | 482 | **ДРУГИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ** | **36.800.000,00** |
| 2.1 | 482 110 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на улици и патишта | 18.500.000,00 |
| 2,2 | 482 210 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на мостови | 500.000,00 |
| 2,3 | 482 310 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на колектори и пречистителни станици | 10.000.000,00 |
| 2.4 | 482 610 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на споменици | 300.000,00 |
| 2.5 | 482 710 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на капацитети за водоснабдување | 1.500.000,00 |
| 2.6 | 482 810 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на капацитети за енергетика | 1.000.000,00 |
| 2.7 | 782 910 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на други објекти | 5.000.000,00 |
| | | **СЕ ВКУПНО:** | **39.800.000,00** |

Дел од средствата од оваа Програма ќе бидат вложени за изработка на техничка документација на објекти кои се дефинирани со листа на објекти која е дадена како ПРИЛОГ 1

Расходите за набавка на проектна документација (техничка документација, фисибилити студии и сл.) ќе се извршуваат согласно динамиката на приливот на средствата и утврдената листа на приоритетните објекти.

Листите за приоритетни објекти ја утврдува Советот на Општината и е составен дел на оваа Програма (ПРИЛОГ 1 )

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

За спроведување на оваа Програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за економски развој и Одделението за економски развој при Секторот за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија на Општина Битола.

Оваа Програма влегува во сила веднаш по изгласување од Советот на Општина Битола, а ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за 2017 г.

Бр.09-64/24 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.06.2016 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

# ПРИЛОГ 1
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДБА (ПРОЕКТИРАЊЕ, РЕВИЗИЈА, ГЕОДЕТСКИ И ДР. ЕЛАБОРАТИ СОГЛАСНО ЗАКОН)

| Ред. бр. | ЛОКАЦИЈА / УЛИЦА | Подготвување проектина улици и л.патишта, мостови,споменици (482110, 210,610) | Подготвување на проекти за на пречист станици и колектори (482310) | Подготвување на проекти за водоснабдување (482710) | Подготвување на проекти за енергетски капацитети (482810) | Подготвување на проекти за други објекти (482910) | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ОТВОРЕН КАНАЛ АРМ | 300.999,00 | | | | | 300.999,00 |
| 2 | ул. БУКОВА ШУМА | 28.768,00 | 15.692,00 | 7.846,00 | | | 52.306,00 |
| 3 | ул. КУЗМАН ШАПКАРЕВ | 43.418,10 | 23.682,60 | 11.841,30 | | | 78.942,00 |
| 4 | ул. ЃОРГИ ДИМИТРОВ | 176.775,00 | 106.065,00 | 53.032,50 | 17.677,50 | | 353.550,00 |
| 5 | ул. 11-ти ОКТОМВРИ | 70.805,90 | 38.621,40 | | 19.310,70 | | 128.738,00 |
| 6 | ул. КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ | 74.959,50 | 40.887,00 | 20.443,50 | | | 136.290,00 |
| 7 | ул. АПОСТОЛ ЗДРАВЕВСКИ | 88.328,00 | 63.961,00 | | | | 152.289,00 |
| 8 | нас СТРЧИН | 300.000,00 | 200.000,00 | 100.000,00 | | | 600.000,00 |
| 9 | СТРЧИН ОСНОВНИ ОСТАТОК ОД ХИДРОТЕЈА | 43.623,50 | 38.776,50 | 9.694,00 | 4.847,00 | | 96.941,00 |
| 10 | ЈЕНИ МААЛЕ - ОСНОВНИ ПРОЕКТИ | 335.403,00 | 201.241,80 | 100.620,90 | 33.540,30 | | 670.806,00 |
| 11 | ул.Св НЕКТАРИЈ (Ж.Ј.ШПАНАЦ)-СООБРАЌАЈ | 57.820,00 | | | | | 57.820,00 |
| 12 | „СМИЛЕВСКА“ | 213.521,00 | 116.466,00 | 58.233,00 | | | 388.220,00 |
| 13 | СООБРАЌАЕН ПРОЕКТИ ЗА ТРАЕН И ВРЕМЕН СООБРАЌАЈ | 5.000.000,00 | | | | | 5.000.000,00 |
| 14 | УЛИЦА ПОКРАЈ СТАДИОН | 33.275,70 | 19.965,42 | 9.982,71 | 3.327,57 | | 66.551,40 |
| 15 | НИКОЛА КИРОВ МАЈСКИ - УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ | | | | 47.000,00 | | 47.000,00 |
| 16 | УЛИЦИ ВО д. ОРИЗАРИ-2 УРБАНИ ЗАЕДНИЦИ | 105.280,00 | | | | | 105.280,00 |
| 17 | УЛ.16-та | 317.844,80 | | | 136.219,20 | | 454.064,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18 | УЛИЦИ ВО с. КРКЛИНО | 35.556,00 | | | | | 35.556,00 |
| 19 | УЛИЦИ ВО с. ЃАВАТО | 59.000,00 | | | | | 59.000,00 |
| 20 | ул.МАРКО ЦЕПЕНКО (САВА КОВАЧЕВИЌ) | 51.271,00 | 27.966,00 | 13.983,00 | | | 93.220,00 |
| 21 | ул. ДРАГОРСКА | 71.445,00 | 38.970,00 | 19.485,00 | | | 129.900,00 |
| 22 | ул. БРАНКО РАДИЧЕВИЌ | 43.419,00 | 28.946,00 | | | | 72.365,00 |
| 23 | ул. БИСТРА | 208.329,55 | 113.634,30 | 56.817,15 | | | 378.781,00 |
| 24 | ул.Буковски Ливади | 176.775,00 | 106.065,00 | 53.032,50 | 17.677,50 | 176.775,00 | 530.324,50 |
| 24 | ул. ДОВЛЕЏИК (стара) „ГОЛЕМО ЕЗЕРО“ | 112.642,00 | | | | | 112.642,00 |
| 25 | АРМ 2 Сообраќаен проект | 354.000,00 | | | | | 354.000,00 |
| 26 | СТРЧИН ВТОРА ФАЗА | 1.100.000,00 | 600.000,00 | 300.000,00 | | | 2.000.000,00 |
| 27 | МОСТ НА р. ДРАКОР КАЈ ГП ГРАНИТ | 500.000,00 | | | | | 500.000,00 |
| 28 | КРУЖЕН ТЕК СОКОТАБ | 250.000,00 | 150.000,00 | 100.000,00 | | | 500.000,00 |
| 29 | М5 КОРЕКЦИЈА И ДОПОЛНУВАЊЕ (ОД ПРИЛЕП И КОН РЕСЕН) | 450.000,00 | 270.000,00 | 135.000,00 | 45.000,00 | | 900.000,00 |
| 30 | ОДРЖУВАЊЕ НА КОЛОВОЗ КАЈ С. КАЖАНИ ДО С.ДОЛЕНЦИ | 550.000,00 | | | | | 550.000,00 |
| 31 | ПРОШИРУВАЊЕ НА МОСТ НА Р. ШЕМНИЦА ВО С.ЛЕРА | 300.000,00 | | | | | 300.000,00 |
| 32 | АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ ВО С. ОСТРЕЦ | 176.000,00 | | | | | 176.000,00 |
| 33 | КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ ВО С. ОСТРЕЦ | | 176.000,00 | | | | 176.000,00 |
| 34 | ,,ПАРТИЗАНСКА,, од Веро до ул.,,Социјалистичка Револуција,, | 350.000,00 | | | | | 350.000,00 |
| 35 | ,,ЦАР САМОИЛ,,-последен дел | 161.990,00 | 107.994,00 | | | | 269.984,00 |
| 36 | ,,ОХРИДСКА,, | 267.522,60 | 178.348,40 | | | | 445.871,00 |
| 37 | ,,ИЛИНДЕНСКА,, | 196.487,70 | 142.549,90 | 46.232,40 | | | 385.270,00 |
| 38 | ,,БУЛЕВАР 1-ВИ МАЈ,, | 162.245,30 | 117.707,40 | 38.175,50 | | | 318.128,20 |
| 39 | ,,КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ,, | 136.458,20 | 98.999,10 | 32.107,70 | | | 267.565,00 |
| 40 | с.ЕГРИ | 81.000,00 | | | | | 81.000,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 41 | с.ПОРОДИН | 112.572,00 | | | | | 112.572,00 |
| 42 | с. ДРАГАРИНО (кај црквата) | 192.000,00 | | | | | 192.000,00 |
| 43 | с.РОТИНО | 175.000,00 | | | | | 175.000,00 |
| 45 | с.БАРЕШАНИ | 180.000,00 | | | | | 180.000,00 |
| 46 | с. МАГАРЕВО-ТРНОВО | 182.898,00 | | | | | 182.898,00 |
| 47 | с. ДИХОВО (пред мост кај филтерница) | 195.000,00 | | | | | 195.000,00 |
| 48 | с.ЛАЖЕЦ (пат до црквата) | 177.000,00 | | | | | 177.000,00 |
| 49 | с.КРЕМЕНИЦА (една улица) | 195.000,00 | | | | | 195.000,00 |
| 50 | с. МЕЏИТЛИЈА | 185.000,00 | | | | | 185.000,00 |
| 51 | с. ЖАБЕНИ | 225.000,00 | | | | | 225.000,00 |
| 52 | Ул. „АСНОМ“ | 77.412,50 | 35.187,50 | 21.112,50 | 7.037,50 | | 140.750,00 |
| 53 | Ул. „Стив Наумов“ | 163.062,00 | 108.708,00 | | | | 271.770,00 |
| 54 | Ул. „Љубојно“ кај бр.162 – коловоз | 233.286,00 | | | | | 233.286,00 |
| 55 | СООБРАЌАЕН ПРОЕКТ ЗА АВТО ТАКСИ СТОЈАЛИШТА | 283.200,00 | | | | | 283.200,00 |
| 56 | СООБРАЌАЕН ПРОЕКТ ЗА УЛ. „ШИРОКА“ | 150.946,00 | | | | | 150.946,00 |
| 57 | ПРОЕКТ ЗА ГРЕЕЊЕ ОУ „ТОДОР АНГЕЛЕСКИ“ ПУ Г.ОРИЗАРИ | | | | 94.400,00 | | 94.400,00 |
| 58 | ПРОЕКТ ЗА ГРЕЕЊЕ ОУ „ДАМЕ ГРУЕВ“ ПУ Г.ОРИЗАРИ (РЕВИЗ.) | | | | 23.600,00 | | 23.600,00 |
| 59 | ПРОЕКТ ЗА ТЕРМОТЕХ. ИНСТАЛАЦ. ВО СПОРТСКА САЛА „МЛАДОСТ“ | | | | 1.132.800,00 | | 1.132.800,00 |
| 60 | ПРОЕКТ ЗА ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ (РЕВИЗ.) | 15.000,00 | | | | | 15.000,00 |
| 61 | КРСТОСНИЦА КАЈ ТРИАНГЛ (ПАРТИЗАНСКА со МАКЕДОН. ГЕМИЏИИ) | 338.778,00 | 237.144,60 | 101.633,40 | | | 677.556,00 |
| 62 | с. БУКОВО | 850.000,00 | 602.000,00 | | | | 1.452.000,00 |
| 63 | Л.П. Ново Змирново-с. Црнобуки | 50.000,00 | | | | | 50.000,00 |
| 64 | Л.П. С. Барешани | 420.000,00 | | | | | 420.000,00 |
| 65 | Л.П. Брусник | 520.000,00 | | | | | 520.000,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 66 | КРУЖЕН ТЕК КАЈ ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ | 242.500,00 | 169.750,00 | 72.750,00 | | | 485.000,00 |
| 67 | Довод, резервоар и разводна мрежа во с. Лавци | | | 238.700,00 | | | 238.700,00 |
| 68 | Улици во с. Раштани | 410.000,00 | | | | | 410.000,00 |
| 69 | ул. Питу Гули Битола | 50.400,00 | 48.000,00 | 48.000,00 | 48.000,00 | | 194.400,00 |
| 70 | Реконструкција на фонтани и шадрвани во Битола | | | | | 200.000,00 | 200.000,00 |
| 71 | Проекти за рушење на оштетени објекти и постојни објекти | | | | | 250.000,00 | 250.000,00 |
| 72 | Проекти за партерно уредување на школски дворови во ОУ и СЦУ | | | | | 150.000,00 | 150.000,00 |
| 73 | Санација и реконструкција на објекти во сопственост на општина Битола | | | | | 350.000,00 | 350.000,00 |
| 74 | Планска документација за проект ,,Пречистителна станица на општина Битола,, финансиран од ИПА прог на ЕУ) | 1.130.132,00 | 3.900.000,00 | | | | 5.030.132,00 |
| 75 | Ентериерно уредување со акустика на Кино Манаки | | | | | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 |
| 76 | Спортска сала Младост БТ | | | | | 3.200.000,00 | 3.200.000,00 |
| 77 | Реконструкција на ул.Васко Карангелевски (водоводна инст., фекална и атмосф.канал., вел. патеки | 200.000,00 | 500.000,00 | 300.000,00 | | | 1.000.000,00 |
| 78 | Изградба на ул.,,13-ти Јули,, | 500.000,00 | 500.000,00 | 300.000,00 | | | 1.300.000,00 |
| 79 | Улично поврзување на ,,Јане Сандански со И.Милутиновиќ,, | 400.000,00 | 400.000,00 | 200.000,00 | | | 1.000.000,00 |
| Вк. | | 20.839.149,00 | 9.523.326,00 | 2.148.719,00 | 1.630.437,00 | 5.326.775,00 | 39.468.406,00 |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за ослободување од плаќање на надомест за уредување на градежно земјиште за добивање на одобрение за градење за изградба на сите инфраструктурни и други објекти кои се во функција на употреба на железничката пруга на територијата на Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за ослободување од плаќање на надомест за уредување на градежно земјиште за добивање на одобрение за градење за изградба на сите инфраструктурни и други објекти кои се во функција на употреба на железничката пруга на територијата на Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.06.2016 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-793/23 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.06.2016 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 94 и 95 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15 и 31/16), Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на уредување на висината за трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденоста („Службен весник на РМ“ бр. 93/11 и 115/2014), член 22 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 22 точка 26 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.06.2016 година, донесе

## О Д Л У К А
## за ослободување од плаќање на надомест за уредување на градежно земјиште за добивање на одобрение за градење за изградба на сите инфраструктурни и други објекти кои се во функција на употреба на железничката пруга на територијата на Општина Битола

### Член 1

Со оваа Одлука се ослободува од плаќање на надомест за уредување на градежно земјиште ЈП „Македонски Железници“ – инфраструктура Скопје, за добивање на одобрение за градење за изградба на санитарен јазол до постојна железничка станица во Битола, а истовремено се ослободуваат од плаќање на надомест за уредување градежно земјиште и сите придружни објекти-железнички станици, објекти ССТТ, стојалишта и други објекти кои се во функција за потребите на железничката пруга на територијата на Општина Битола.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-64/25 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.06.2016 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

## С О Д Р Ж И Н А

О Д Л У К А за давање согласност на Цермат ДОО Битола за оттуѓување на доминантен пакет акции на друго физичко или правно лице....................................1

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на Средното општинско медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи" Битола за 2015 год. ......2

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на Средното општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито" Битола за 2015 год. .........3

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на Средното општинско училиште „Таки Даскало" Битола за 2015 год. ...........................................3

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на Средното општинско земјоделско училиште „Кузман Шапкарев" Битола за 2015 год. ......4

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански" Битола за 2015 год. ...........5

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на Средното општинско техничко училиште „Ѓорги Наумов" Битола за 2015 год. ...............................5

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ОУ „Елпида Караманди" Битола за 2015 год. ..........................................................................6

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ОУ „Д-р Трифун Пановски" Битола за 2015 год.................................................................7

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ОУ „Стив Наумов" Битола за 2015 год.........7

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ОУ „Кирил и Методиј" Битола за 2015 год. ..........................................................................8

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ОУ „Гоце Делчев" Битола за 2015 год. ..........8

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ОУ „Ѓорги Сугарев" Битола за 2015 год. ......9

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ОУ „Коле Канински" Битола за 2015 год......9

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ОУ „Александар Турунџев" с. Кукуречани за 2015 год.....................................................10

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ОУ „Тодор Ангелевски" Битола за 2015 год. ........................................................................11

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ОУ „Даме Груев" Битола за 2015 год.........11

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ОУ „Крсте Петков-Мисирков" с. Бистрица за 2015 год.........................................................12

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ОУ „Св. Климент Охридски" Битола за 2015 год. ..............................................................12

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Битола од 01.06.2015 г. до 01.06.2016 г. ..........................................................13

П Р О Г Р А М А ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2016 г.................................................14

ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА П Р О Г Р А М А Т А за економски развој во Општина Битола за 2016 год..............................................16

О Д Л У К А за ослободување од плаќање на надомест за уредување на градежно земјиште за добивање на одобрение за градење за изградба на сите инфраструктурни и други објекти кои се во функција на употреба на железничката пруга на територијата на Општина Битола....................................23

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211